| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | |
|---|---|---|---|---|
| Наслов на наставниот предмет | Методолошки практикум | | | |
| Код | ИУ4/721-З/23 | | | |
| Студиска програма | Историја на уметност | | | |
| Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за Историја на уметност и археологија | | | |
| Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| Академска година /семестар | четврта година / 7ми семестар | | Број на ЕКТС-кредити | 8 |
| Наставник | Др. проф. Филипова Снежана | | | |
| Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| Цели на предметната програма (компетенции): аналитички размислувања за уметноста, внимателно гледање и запазување на детали и анализирање на ликовниот феномен. Стекнување со вештини за академско пишување. Практична примена на знаењата стекнати во наставата од историја на уметност, обогатување на стручната терминологија со користење стручни и општи лексикони. | | | | |
| Содржина на предметната програма: методолошкиот пристап во историјата на уметност како многу важен сегмент од соодветната стручна валоризација на уметноста. Задавање на работна задачи (семинарска работа, есеј, презентации, каталог, интервју, библиографија, биографија, елаборат, дипломска работа и т.н.).. Подготовка за изработка на студентски и стручен труд. Формулирање/ идентификување на тема за научно истражување. Објаснување на нејзините основни делови, правење на концепт, разработка, аргументација. Користење научни извори за обработка на темата; работна и стручна библиографија. Планирање и организирање на научниот труд; пишување и документирање на трудот. Најраспространети начини на цитирање. Научен заклучок- резиме. Вежби како критички да се чита и користи стручен и научен труд, како да се спроведе истражување–дискусија и практикување. Практична примена на главните методи на историјата на уметност- преку примена врз ремек дела од различни периоди и автори,. Препознавање на атипични и вообичаени иконографски решенија, стилски диференцијации, иконолошка анализа, компаративно следење на една тема во различни стилски периоди или во ист стилски период обработена од различни автори. Користење референтна литература, монографски изданија, лексикони и енциклопедии, прирачници, периодика и капитални изданија од областа на историјата на уметност. Развивање на вештини на дескрипција, интерпретација, валоризација и аргументирано научно излагање според утврдени стандарди. Најпознати издавачки куќи, библиотеки, онлине извори . Најпознатите преставници на Методологијата: Пановски, Лазарев, Бјатостоцки, Грабар, Беквит, Краутхајмер, Чурчиќ и т.н. Значењето на уметничката критика. Правење документација за едно дело. Изготвување библиографија на тема, автор, споменик. Интернет пребарување на библиографија и база на податоци, он лајн музејски колекции и библиотеки. | | | | |
| Методи на учење: учење во библиотека, посета на институции на култура- галерии, споменици, музеи, тематски изложби, користење на стручни лексикони, стручни двд, книги и онлине датабази, правење пп презентации, 3-Д реконструкции, можни реконструкции каде недостига дел од уметничко дело-елемент. Пишување критика и студенткси труд. | | | | |
| Вкупен расположив фонд на време | 240 часа | | | |
| Распределба на расположивото време | 3+1 | | | |
| Форми на наставните активности | 15.1. | | Предавања- теоретска настава | 45 |
| | 15.2. | | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 15 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 40 |
| | 16.2. | Самостојни задачи | 40 |
| | 16.3. | Домашно учење – задачи | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| Начин на оценување | | |
| 17.1. | Тестови | 70 % |
| 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 15 % |
| 17.3. | Активност и учество | 15 5 |

| | | |
|---|---|---|
| Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |

| | |
|---|---|
| Услов за потпис и за полагање завршен испит | Ислушана настава, изработена проектна задача |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски, англиски |
| Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Литература | | | | | |
| 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Jacqueline Chanda | *Art History Inquiry Methods: Three Options for Art Education Practice* | ART Education, 17-24, Vol. 51, No. 5 | Sep., 1998 |
| | 2. | Eric Fernie (selection &commentary) | *Art History and Its Methods* | Phaidon | 2010 |
| | 3. | Pächt, Otto | *The Practice of Art History: Reflections on Method* | New York: Harvey Miller | 1999 |
| 22.2. | Дополнителна литература | | | | |

| | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Виолета Панзова | *Науката како занает* | ФЗФ Скопје | 2003 |
| | 2. | http://www.dictionaryofarthistorians.org/ | *Dictionary of Art Historians* | AHWA Association | |
| | 3. | Виолета Панзова 2011 | *Прирачник за изработка на студентски трудови* | Филозофски факултет (Скопје) | 2013 |
| | | Филипова Снежана | *Методологија* | Учебник-скрипта, достапен онлајн | 2014, ново дополнето издание 2022 |